Врз основа на член 30 од Статутот на ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје, како и член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, со арх бр. поднесено од Граѓанско здружение Од нас за нас, директорот на Институтот на ден 06.09.2022 година го донесе следното:

ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
I.SH.P. INSTITUTI I SHËNDETIT PUBLIK i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 04-2141/1
06.09 2022 година
СКОПЈЕ-SHKUP

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА БАРАЊЕ**

1. Во врска со барањето од Здружение на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје со наш арх. бр. 07-1654/1 од 01.07.2022 година, постапувајќи согласно решение бр.08-208 од 01.08.2022 и 26.08.2022 од Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер Институтот за јавно здравје одговори позитивно на **прашањата со реден број: 10, 11, 15, 16, 17, 18, 22, 23, 28, 29**

2. Институтот за јавно здравје одговори делумно **на прашањата со реден број:1, 5.**

Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, делумно одговорените прашања ќе бидат препратени кон надлежните институции.

3. Институтот за јавно здравје на РСМ – Скопје **не е во можност да одговори и ги одбива следните прашања: 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9, 12, 13, 14, 19, 20, 21, 24, 25, 26, 27, 30, 31, 32, 33**

Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, делумно одговорените прашања ќе бидат препратени кон надлежните институции.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Барателот Здружение на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје поднесе писмено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кое бара одговор на прашања кои се во прилог на ова решение. ЈЗУ Институт за јавно здравје, го усвои барањето, одговарајќи на дел од прашањата, а на прашањата за кои Институтот не е надлежен, истите ги препрати кон надлежните институции.

Поука: Против ова решение може да се изјави жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Во прилог:
Копија од барање од Здружение на граѓани за заштита на човекови права ОД НАС ЗА НАС Скопје со наш арх. бр. 07-1654/1 од 01.07.2022 година

Решението стапува во сила од моментот на неговото потпишување.

Доставено до:

- Здружение на граѓани – Од нас за нас;
- Службено лице;
- Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер;
- Архива

**Директор**

**доц. д-р Шабан Мемети**